# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ SALBUTAMOL ALKALOID®/САЛБУТАМОЛ АЛКАЛОИД® 2 mg таблети (salbutamol)

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Салбутамол Алкалоид и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Салбутамол Алкалоид
3. Како да се употребува Салбутамол Алкалоид
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Салбутамол Алкалоид
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА САЛБУТАМОЛ АЛКАЛОИД И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Салбутамол Алкалоид таблетите содржат активна супстанција салбутамол.
Салбутамолот спаѓа во групата лекови наречени бронходилататори.
Бронходилататорите помагаат воздушните патишта во белите дробови да останат отворени, што овозможува полесен проток на воздух.
Бронходилататорите помагаат во олеснување на тегобите во градите, отежнатото дишење и на кашлањето.

Салбутамол Алкалоид таблетите се употребуваат за лекување тешкотии со дишењето кај возрасни, адолесценти и кај деца со астма, бронхитис и со емфизем.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ САЛБУТАМОЛ АЛКАЛОИД

**Немојте да употребувате Салбутамол Алкалоид ако:**
- сте алергични (пречувствителни) на салбутамол или на некоја друга состојка на лекот.

**Бидете особено претпазливи со Салбутамол Алкалоид ако:**
- имате зголемен крвен притисок;
- имате шеќерна болест;

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

- имате зголемена активност на штитната жлезда;
- имате историја на проблеми со срцето, како на пр. неправилно или забрзано срцебиење или ангина;
- страдате од акутна тешка астма (Вашиот доктор треба да Ви направи анализа на крвта за следење на калиумот во крвта).

Ако Ви се влоши астмата или, пак, дишењето, кажете му на Вашиот доктор.

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.*

Салбутамолот може да го потенцира дејството на следните лекови:
- лекови за неправилно или за брзо срцебиење (на пр. пропранолол);
- други лекови за астма;
- лекови кои се користат за лекување висок крвен притисок, како на пр. гванетидин и метилдопа;
- резерпин (лек кој се користи за лекување висок крвен притисок или тешка агитација);
- трициклични антидепресиви;
- анестетици, како што се хлороформ, циклопропан и халотан.

**Земање Салбутамол Алкалоид со храна и со пијалак**
Таблетите Салбутамол Алкалоид можете да ги земате со или без храна.

**Бременост и доење**
*Побарајте совет од Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков било лек.*
Ако сте бремена или ако доите, известете го Вашиот доктор пред да почнете да го употребувате овој лек.

**Возење и ракување со машини**
Лекот не влијае врз психофизичките способности на пациентот.

**Важни информации за некои состојки во Салбутамол Алкалоид**
Лекот Салбутамол Алкалоид содржи **лактоза**. Ако Вашиот доктор Ве известил дека не поднесувате некои шеќери, контактирајте со него пред да го земете овој лек.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА САЛБУТАМОЛ АЛКАЛОИД
Вашиот доктор ќе одлучи за дозата и во кој временски период треба да го земате лекот.

Таблетите се земаат преку уста, пред или по оброк.

**Возрасни**
Препорачана доза: 4–8 mg, три или четири пати дневно.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Употреба кај деца и кај адолесценти**
Деца од 2 до 6 години: 1–2 mg, три до четири пати дневно.
Деца од 6 до 12 години: 2 mg, три до четири пати дневно.
Деца и адолесценти над 12 години: 2–4 mg, три до четири пати дневно.

**Возрасни (над 65 години):** 2 mg, три до четири пати дневно.

**Ако сте зеле поголема доза Салбутамол Алкалоид отколку што треба**
Ако сте зеле поголема доза, отколку што треба, веднаш мора да побарате медицинска помош.
Може да дојде до појава на следните несакани ефекти:
- побрзо срцебиење од вообичаено;
- тресење.
Симптомите вообичаено исчезнуваат по неколку часа.

**Ако сте заборавиле да земете Салбутамол Алкалоид**
Пропуштената доза треба да се земе што е можно поскоро. Дозата може да се прескокне ако е време за наредната регуларна доза. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

*Доколку имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, консултирајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови и Салбутамол Алкалоид може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

**Алергиски реакции** (се јавуваат кај помалку од 1 на 10 000 пациенти)
Доколку имате алергиска реакција, прекинете со примената на лекот и веднаш јавете му се на Вашиот доктор.
Симптоми на алергиска реакција се: оток на лицето, устата или на грлото – што може да го отежне голтањето или дишењето, исип придружен со чешање, чувство на слабост, вртоглавица и колапс.

**Посоветувајте се со Вашиот доктор што е можно поскоро доколку:**
- осетите дека Вашето срце чука побрзо или појако од вообичаено (палпитации – обично се безопасни и престануваат по краткотрајна примена на лекот);
- осетите неправилна работа на срцето или дополнителни отчукувања на срцето.

Известете го Вашиот доктор доколку забележите некое од долунаведените несакани дејства кои може да се појават по примената на лекот Салбутамол Алкалоид.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Многу чести**
- тресење.

**Чести**
- главоболка;
- грчеви во мускулите.

**Ретки**
- намалена концентрација на калиум во крвта;
- зголемен доток на крв во екстремитетите (периферна дилатација);
- премногу брзо, бавно или неправилно срцебиење (срцева аритмија).

**Многу ретки**
- нарушување на сонот или нарушување на однесувањето (вознемиреност и раздразливост);
- мускулна тензија.

Исто така, може да дојде и до појава на несакани ефекти чија честота е непозната:
- болка во градите поради срцеви проблеми, како што е ангина пекторис.

Известете го Вашиот доктор, медицинската сестра или фармацевтот доколку дојде до појава на наведеното дејство. Не ја прекинувајте терапијата со лекот доколку Вашиот доктор не Ви каже.

*Ако кој било несакан ефект станува сериозен или ако забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА САЛБУТАМОЛ АЛКАЛОИД

Лекот не бара посебни услови за чување.
Лекот да се чува на места недостапни за децата.
Не употребувајте Салбутамол Алкалоид таблети по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода, ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Салбутамол Алкалоид**
- Активна супстанција е салбутамол.

1 (една) таблета содржи 2,4 mg салбутамол сулфат, еквивалентно на 2 mg салбутамол.
- Помошни состојки: пченкарен скроб; лактоза монохидрат; магнезиум стеарат; желатин.

**Изглед на лекот Салбутамол Алкалоид и содржина на пакувањето**
Таблетите Салбутамол Алкалоид се бели, тркалезни, биконвексни.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Таблетите се спакувани во темнокафеаво стаклено шише од неутрално стакло (15 ml), затворено со алуминиумско капаче со полиетиленска влошка.
Кутијата содржи 1 шише со 60 таблети од 2 mg или со 100 таблети од 2 mg и упатство за пациентот.

**Број и датум на решението за промет**

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р).

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД – Скопје
бул. Александар Македонски 12
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000
факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Јануари, 2014 г.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО • СКОПЈЕ •